**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од првото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Г. пратеници притиснете на едно од копчињата од системот за гласање да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Имаме доволен број на присутни пратеници во салата и можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Александар Гештаковски и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата во Собранието.

Од резултатите на електронското гласање констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на РМ и Собранието може полноправно да одлучува.

Дами и г-да пратеници,

Македонската јавност повторно е во шок од грзоморниот и подмолен терористички напад на албанските терористички банди врз Македонските безбедносни сили во кои тројца полицијаци ги изгубија животите а повеке се повредени.

Во услови на прекин на воените дејствија и "успешно" разоружување на таканаречената ОНА станува се поочигледно колку е кревок привидниот мир и кому не му одговара средување на безбедносната состојба во земјава.

Ве повикувам со едноминутно молчење, да им оддадеме почит на загинатите полицајци: Драги Маневски и Бобан Трпов од Скопје и Оливер Петрушевски од Куманово.

Со едноминутно молчење пратениците им оддадоа почит на починатите полицајци.

Г. Никола Поповски дали се јавуваш за збор или бараш процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам процедурално.

Г. потпретседателе, дозвелете ми процедурално да го соопштам мислењето на нашата пратеничка група, во врска со промената на најавената работа на Собранието и работењето на денешната седница.

Пратеничката група на СДСМ смета дека со изоставувањето на работата по 86-та седница и префрлање на 88-та седница, која не беше закажана за денес, претставува, по нас, сериозна политичка грешка. Имено ние сметаме дека ова Собрание и особено претседателот Андов и пратеничката група на ПДП, кои во последно време почнуваат да стануваат генератори, на работењето на Собранието, треба да се преиспитаат и да не не доведуваат во позиција, во многу драматични моменти за РМ, кога се наоѓаме на прагот, ако веќе не сме го и поминале во текот на ноќта, кога заради различни политички преценки, меѓу кои делумно лежат и во Собранието на РМ, се наоѓаме пред повторно избувнување на војна која туку што се успеа да се смири и да се воведе некаков ред во изминатите неколку месеци.

Сметаме дека таквите блокади кои на еден или на друг начин се поддржуваат и се стимулираат, за да се случуваат, не само што Собранието го доведуваат во позиција да биде фактор на мирот, туку го одвлекуваат вниманието на Собранието од тие позиции и го претвараат во еден од факторите на нестабилност. Затоа сметаме, Собранието место да работи по точките од 88-та седница на Собранието, кои делумно се сосема ирелевантни и знаеме во каква процедура се надополнија до 101 точка, каде што се стави се и сешто, треба што побрзо да се врати на работа по оние негови активности кои ќе придонесат мирот во Македонија што побрзо да се врати. Во тој правец, ги повикуваме и претседателот Андов, според Уставот, го закажува работењето на Собранието и пратеничката група на ПДП, веднаш да пристапат кон работа кон 86-та седница на Собранието, со цел, ова што се случува што побрзо да го доведеме во ситуација да можеме нормално да работиме и да живееме.

Денешната работа на Собранието по ваков дневен ред, сметаме дека Собранието го доведува во една целосна инфериорна политичка ситуација, во ситуација кога Македонија повторно се соочува со воени дејствија, а ние да расправаме по закони, како да сме нои, да не гледаме што се случува во јавноста.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАВНОСКИ:**

Има збор Г. Чедомир Кралевски:

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас не мислев да се јавувам во ваква форма, процедурална забелешка да ставам на работата на Собранието, меѓутоа иритиран од координаторот на СДСМ, се јавив за збор.

Најпрвин сакам да кажам дека настапот на координаторот на СДСМ е едно, би

рекол крајно безобразие, да се поврзува работата на Собраниево со состојбата на теренот. Наместо да се изрази жалење на паднатите жртви, овде се поврзува свикувањето на седницата со настанатите лоши состојби на теренот.

Јас би сакал во овој момент да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ние како пратеничка група сме спремни да продолжиме со работа по 86-та седница на Собранието и да дадеме позитивен биланс за изгласување на уставните амандмани, меѓутоа само под еден и единствен услов. Сите партиципиенти во охридскиот договор, вклучувајќи ги и пратениците од пратеничката група на ПДП, ако го дадат позитивниот глас и учествуваат во работењето на 86-та седница. Во спротивно ние нема да учествуваме во работењето на 86-та седница, ако пратениците од ПДП не дојдат и не го дадат позитивниот глас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Г. потпретседателе, дами и Г. пратеници,

Јасно е дека се соочуваме со една многу сериозна ситуација на теренот. Како што знаете ние цело време се обидуваме да бидеме принципиелни и наша оценка е што побрзо имплементирање на Рамковниот договор, односно уставните промени во Собранието на РМ, толку побрзо очекуваме дека тоа ќе има влијание во расчистување на таквите појави од кризата.

За денес беше свикана седница на Собранието каде требаше да се дискутира, усвојувањето и прогласувањето на уставните амандмани, со што ќе се завршеше еден многу важен дел од Рамковниот договор.

Синоќа добивме известување од претседателот на Собранието дека седницата за уставни промени ќе се одложи до, незнам по негова мерка, кога и ние денес треба да дебатираме за економски проблеми.

Не минизирајќи ги проблемите од економската сфера, сметам дека секој обид да се одолговлечи процедурата, имајќи предвид дека претседателот на Собранието, можеби има процедурално право да свика седница за уставните промени, кога тој сака, но имајќи предвид дека ситуацијата секој ден се повеке и повеќе се комплицира, еве и со жртви, имајќи предвид дека реперкусија на сите овие настани е токму агонијата на продолжување на усвојувањето на уставните амандмани, не навлегувајќи во намерите зошто се прави тоа одолговлекување. Знаете дека за усвојување на уставните амандмани се изјаснија неколку политички партии, најголемите и имаа цело време политички партии кои не се согласуваат со уставните амандмани.

Сметам дека ваквото одлагаше на гласањето на уставните амандмани, без разлика на причините зошто тоа се прави, сметам дека се насочува директната одговорност до претседателот на Собранието за не свикуваше на итна седница каде ќе се расправа по уставните амандмани тие што побрзо да се усвојат, што побрзо да се прогласат и да се нафатиме со реална работа, да ја смириме ситуацијата.

Имајќи го тоа чувство на одговорност, ние како пратеничка група нема да учествуваме во ваквите игри на претседателот на Собранието. Затоа ние ќе ја напуштиме седницата и нема да учествуваме на ниедна седница, додека уставните амандмани не се стават на дневен ред и нема да прифатиме никакви условувања од страна на претседателот на Собранието, затоа што не сакаме да ја сносиме одговорноста, поради вакви индивидуални настани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г- Дика останете да дадам едно известување, па после можете да одите.

Колеги, дали имате за задача секоја седница да правите непотребни чекори, како би се одовлекувала било која работа.

Сакам да ве известам дека Г. Лероа дојде во кабинетот на претседателот и кажа дека ПДП ќе напише писмена изјава со која ќе се прогласи дека ќе гласа. Дадоа ветување дека тоа ќе го направат денес во 11,00 часот. Затоа имаше одлагање на седницата. Сега, ако сакаме да водиме политика со насилство, дека ќе бидеме многу интересни, што ќе соопштиме овде, ајде така да работиме, или ќе сакаме да ги спиме амандманите, како што се, по ред дадени и дел од нив веќе поминале на пленарната седница. Од оваа причина денес така требаше да биде, да се одложи.

Повелете Г. Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Г. потпретседателе, јас го прифаќам тоа што вие го кажувате. Тие рекле дека во 11,00 часот писмено ќе го кажат тоа. Сега е 13,30 часот. Неможеме ние да зависиме од волјата на еден пратеник или на една пратеничка група. Ваквото самоволие ние не го прифаќаме.

Исто така начинот на свикување на било какви седници, без тоа да се разјасни, ние ќе навлегуваме уште подлабоко во криза. Токму од тоа чувство на одговорност, ние го правиме овој чекор. Значи нема да учествуваме на било какви седници, освен на седница на која ќе се расправа за уставните промени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако така се однесуваме нема да има седници.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Многу е тешко денес да се говори, после вчерашните настани и она што провејува

последниве два месеци некој си привиден мир, кој фактички не е мир, туку една сеопшта фарска на која подлегна и Макеоднскиот аудиториум, а иние, сега конечно мирот ќе стигне со некој си фиктивен Рамковен договор кој апсолутно, за мене, е ништожен затоа што е правен под притисок, затоа што е правен под притисок на 60 и повеќе Македонски жртви дадени за, се разбира она што е крајна цел на една голема идеја. Тоа се етнички чисти територии, како прва фаза, во Западна Македонија, после тоа како логична последица на припојување кон север и кон запад.

Она што ме иритира е тоа што ние како Македонски партии, како Македонци неможеме да се согласиме по многу итни прашања, а тоа е опстојувањето на државата и она што значи Македонска кауза и наш Македонски национален интерес.

Минатиот пат говорев за албанското единство.

За жал и после вчерашните жртви, некој најде за сходно маркетиншки да настапува и да ја обвинува онаа другата, но сепак македонска страна.

Дали ние овде зависиме од волјата на една политичка партија како што спомна координаторот на ДПА Г. Дика, од волјата на ПДП, е повеќе од евидентно. Не треба ние да се залажуваме. Која е причината јас како Александар Флоровски, или било кој Македонски пратеник да гла-саме до колу ПДП не го прифати овој договор. Која е причината воопшто ние да покрекуваме таков чекор. Тој Устав не го менуваме под притисок на македонските пратеници или на македонците. Тој Устав се менува под притисок на албанците.

Сакам да кажам, доколку ПДП не гласа за преамбулата и црквата, воопшто немам причина, господа, јас да гласам за промена на Уставот. Тоа е мој личен став. Незнам другите како ќе се изјаснат. Тоа е став и на многу македонци, гласачи на една или на втора страна. Но, тоа е факт. Некој со нас тука со месеци си игра, кога ќе му свирне доаѓа,со нови барања, со нови условувања, а ние сме тие кои секогаш полемичиме. Ве молам покажете малку достоинство. Можеби звучи патетично, но тоа е вистината.

Ќе се навратам на она што западњаците ни го трасираат, дека структурите на ОНА, АНА, или незнам уште како се викаат, се разоружани. Со што беше вчера нападнат полицискиот пункт во Требош. Со бомбони ли маваа или со гранати. Ќе се навратам на уште еден момент, дека нема влезено терористи од Косово. Се јавува министерот за одбрана, Бучковски, вели дека тоа не е вистина. Па кој тогаш пукаше? Претпоставувам дека ние не сме пукале. Пукано е од албанската страна. И не треба да се гласа за уставните промени докслку вака се однесуваат. Во сопствената матична македонска држава дозволуваме некој да не уценува и да си игра со наше-то трпение. Поради таквиот однос на коленичење, претпоставувам затоа и никогаш сме немале држава и на прагот на XX1-от век може да ни се случи да ја немаме, да ја изгубиме. Мораме да проговориме дека Запад апла застана зад нив. Зошто е тоа така направено не сакам да говорам. Можеби и се коси со генералните ставови дека Македонија се стреми кон НАТО и Европската Унија. За жал, ќе дојде моментот кога ќе треба да преговараме порано, која е улогата на некои западни демократски држави, овде во Македонија. Мене нема да ми треба НАТО доколку вака се однесуваат, доколку водат до разнебитување на македонската држава, за која сериозни аналитичари проговорија дека постојат одредени линии.

Еве тука ќе прекинам, очигледно на некој темата не му се допаѓа кога говорам за западната демократија, но тоа е факт. Обва е мој личен став, не е став на ВМРО-ДПМНЕ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ние денес сме свикани за да продолжиме со работа по Осумдесет и осмата седница.

За новите жртви секако дека жалиме сите. Сите ние сме тек како се удира по темелите на македонската држава. Но, еве да се обидеме барем нешто да корегираме, или нешто да придонесеме. Јас незнам зошто мораме да се врзуваме со тоа кој од кое потекло е, од која партија или која етничка припадност, за да можеме да почнеме со точките од овој дневен ред. Ако има некакви недоразбирања, или тактизирања околу уставните амандмани, тоа нека си биде на друг терен изнесено. Не мораме денес, тука каде што сме свикани, по барање на Владата, јас се чудам само чија е таа, ако ние пратениците не можеме овие точки кои на-вистина се од итен карактер, да ги претресеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Процедурално г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, иако нашиот координатор на пратеничката група ги изнесе образложенијата зошто сметаме дека всушност Собранието изигрува само нормална состојба во Република

Македонија и си тера по стариот терк во време кога ни се случуваат страотни работи на теренот, сакам само да повторам дека апсолутно се согласувам со тоа дека пратнеичките групи на ВМРО-ДПМНЕ, во координација со претседателот Стојан Андов заедно всушност се заложници на политиката на Партијата за демократски просперитет и поставуваат нови услови за нормална работа на ова Собрание со што ја блокираат неговата работа.

Што се случува во овие моменти? Сега се поставуваат нови услови дека Собранието ќе продолжи да расправа по Рамковниот договор само доколку пратениците на ПДП дојдат и доколку гласаат. Јас исто сметам дека може би тие треба да дојдат и треба да гласаат, меѓутоа, ние треба да ја продолжиме таа расправа затоа што во основата на таа расправа лежи всушност решавањето на сите проблеми во Република Македонија. Секој вид на такво однесување ги прави ПДП, клучен фактор на решавањето на кризата. Утре ќе се доведеме во состојба некои други да почнат дас ги поставуваат истите тие услови за конечно да не успее рамковниот договор. Јас го слушнав господинот Флоровски, тој кажа дека не гледа смисла во реализацијата на Рамковниот договор, дека сето тоа е фарса наметната од запад, денеска прочитавме во весниците дека Стојан Андов, апсолутно ја дели таа позиција, кажува дека всушност дека тоа е политика на наводно истиснување на Русија од Балканот од страна на Западните сојузници, дека Запад е на страна на Алба! ците и дека ние како сирачиња стоиме без било каква подршка на Западот.

Токму таквата политика и таквите говори беа многу присутни во времето кога една наша соседна земја отиде во целосна изолација токму од тој запад. Токму таквите патриотски говори доведоа до оние несреќи кои можевме да ги видиме на север од границата на Република Македониј а.

Мислам дека Република Македонија дефинитивно треба да се свести, имаме Рамковен договор зад кој стојат потписите на политичките лидери во оваа држава. Имаме Рамковен договор кој е потпишан и верификуван на некој начин има поддршка од западно-европската унија САД и НАТО. Имаме Рамковен договор со кој се обезбедува, меѓу другото, навистина Македонија да зачекори по патот на мирот и на својата интеграција со оние земји кон кои сакаме да се насочува Македонија. Сите овие блокирања во овој момент само ја пролонгираат кризата. Создаваат услов да се ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали е ова процедурално?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Процедурално, не беше процедурално ни на г-динот Флоровски, меѓутоа го оставивте да говори, ја враќаат војната на овие простори. И, предизвикуваат нови жртви за кои ќе бидат одговорни токму оние што ја прават блокадата во овој Парламент на Република Македонија.

Оттаму сметам дека не треба да се занимаваме со други прашања, да се вратиме на Раммковниот договор и да не дозволиме денеска ВМРО -ДПМНЕ, а утре ПДП да каже дека нема да продолжи со расправата по рамковниот договор доколку сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ чиј лидер ја има потпишано оваа Раммковна спогодба не гласаат исто така за Рамковниот договор.

Што ќе беше ако тие не сакаат да учествуваат во оваа расправа кога ја покренуваше иницијативата кога ниту една третина од пратнеиците на ВМРО-ДПМНЕ не гласаа за неа, кога ниту една третина од пратнеиците не гласаа дури ни за Нацрт промените на Предлог промените на Уставните амандмани. Тогаш имавме целосна блокада на самиот почеток. меѓутоа, сега всушност, имаме дополнителна блокада и на основа на таа блокада изнаоѓаат простор оние кои на теренот го прават она што сег а ни се случува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да ви кажам една работа, седнете, ве молам, ако Горги Спасов имаше ова да го каже нека го каже (реакција од страна на пратениците, повеќето од нив бараат реплика).

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Сега, јас незнам како ќе го наречете ова процедурално, реплика или како сака нека го крсти г-динот потпретседател, но бидејќи г-динот Спасов излезе да раскажува приказни околу тоа кој опструира и кој што прави, да му кажам еден спротивставен поглед на нештата.

Велите дека ВМРО е заложник на ПДП. Не е ВМРО заложник на ПДП туку СДСМ е заложник на ПДП и ќе ви кажам зошто. Затоа што знаете што се му се правеше на ВМРО ДПМНЕ да го прифати овој договор. Знаете какви приказни раскажувавте, албанските партии, вашите поткупени новинари и што се се правеше врз овие луѓе да го прифатат тој рамковен договор кој вие го нарекувате за мир, јас сеуште не го нарекувам Рамковен договор за мир, јас сеуште мислам дека е Рамковен договор за крај на оваа држава, и за крај на Македонците како народ. Меѓутоа ВМРО ДПМНЕ се бореше тука од оваа говорница, дискутираше, говореше за преамбулата, говореше за црквата, црквата која вие ја напаѓавте дека се мешала во државни работи, таа црква што петстотини години под турско го одржа овој народ и кога на крајот видовте дека ние сме се избориле за нешто, дека се искршивме овде зборувајќи, затоа постојат стенограми, вие рековте дека вие ќе отпочнете разговори, дека еве едноставно сега вие ќе ја спасувате преамбулата. Ние моравме по секој цена да го прифатиме она што вие немо го следевте и веднавте глава пред албанските партии и ние сме сега тие што правиме договор

со ПДП? Никој не ви верува, тоа само во вашата глава може да функционира, а јас од место ве слушав и не бев некултурен да ве прекинувам, вие сте биле и дипломат и незнам што, па најдете малку трпение, послушајте ме, па јас ќе ви реплицирам затоа што вашите ставови се мизерни, јас ќе ви кажам треба овие луѓе овде и надвор одовде што ве гледаат, да ве осудат за ова што го правите.

Треба да разговараме за едно македонско национално единство, да ги спомнеме жртвите и да им дадеме достојна почит, а не да кажеме дека незнам кој правел опструкции и се поврзувал со ПДП. Морам да ви кажам дека не мора да се продолжи со Раммковниот договор од една проста причина што ако не гласаат албанците со овој рамкмовен договор, а ние сами како македонци ќе ја запечатиме судбината низ пет години, а пет години е можеме сега оптимистичка година или бројка или денови или месеци, но низ пет месеци повторно ќе почнат војна да продолжат за она што навистина го сакаат - голема Албанија.

Дали не ви е јасно дека го сакаат тоа? Дека сакаат голема Албанија? На кој не му е јасно нека дојде да каже овде, а наместо тоа да кажеме сите ние и заендо и јас да ви се извинам на сите вас да дојдете да кажете дека ни треба македонсмко национално единство за да ја спасиме Македонија, за да не биде Албанија до Вардар, Вие дојдовте на нас да ни кажувате дека ќе се поврзуваме со ПДП. Ние како извршен комитет разговаравме да ви понудиме да не отстапуваме од тоа што успеавме да го спасиме во оваа преамбула иако не е доволно спасена во однос на Преамбулата што уште важи, вие вчера ни одговоривте како партија СДСМ било на став дека нема што да се отстапува. Дали знаете колку големи лицемери сте, посебно вие господине Ѓорѓи Спасов што се смеете од место, што не ви пречи ни една мака на ниеден човек што е овде затоа што ние чувствуваме нешто за разлика од вашите пристапи во кои се забранети емоции и треба да покажеме ледена фаца.

Мислам дека треба да расчистите со немкои дилеми, неза-вршив, сакам уште да зборувам, дали можам да зборувам уште? Ако не може да зборувам еве вие кажете нешто, па јас ќе ви одговорам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На ред е Александар Флоровски, како се јавувате така ќе ве повикувам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очекував дека ќе стане некој македонски пратеник да ми реплицира за она што го изнесов како мој став, како личен став, не како став на партија и како чувство на огромен број македонци не очекував од г-динот Ѓорѓи Спасов, како екс искусен дипломат, како пратеник, на крај како македонец да стане и да го пласира она што го испласира овде. Јас на крај реков дека е тоа мој личен став, не е став на ВМРО-ДПМНЕ, а вие да коментирате мои лични ставови апсолутно немате право. Кажав дека се мои лични видувања.

Какви говори држам дали се патриотски или не, тоа ќе го процени македонскито народ, претпоставувам и гледачите на оваа парламентрна претстава, не сте вие тој кој треба да оценувате, најмалку имате право вие да оценувате. Заради вашите ставови кои нонстоп навираат во една чудна амплитуда она што значи дневна политика и лични интереси, да не говорам во име на пратеничката група ваша дека сите така се однесуваат, говорам за вас.

Од каде се овие мои констатации дека Запад стои зад нив, па човек треба да е глупав за да не ги свати сите тие работи кои се случуваат. Еве еден прост пример Робертсон задните три пати во доаѓањето овде нонстоп говори за амнестијата. Воопшто не го интересираат состојбите во Македонија и она што се случува со македонците. Околу масовната гробница, тоа е минорен пример кој говори се, зошто не дојде да праша што е со тие 12 киднапирани македонци, зошто не го постави тоа прашање, туку задните три пати доаѓа од Лондон или незнам од каде, воопшто не ме интересира, зошто не го постави тоа прашање, после се чудите од каде индициите дека чувството кај македонскиот народ дека Запад стои зад нив, па тој нели е, Генерален секретар на НАТО, не е некој секретар на некое играорно друштво"Танец" или незнам кој друг. НАТО е институција, а нели ние се стремиме натаму. Многу се стремеа, стигнаа до таму, па се покајаа, но не е битно, сепак ова се мои лични водувања, не се ставови на ВМРО ДПМНЕ.

Обвинувањата дека ние ја враќаме Македонија во војна, мислам дека е чудно, да не кажам небулозно, да не кажам глупава констатација, незрела, детска. Дали јас како Александар Флоровски како пратнеик со личен став овде можам да ја вратам Македонија во војна? Ако мислите дека треба да премолчам, да не говорам овде, па воопшто која е мојата улога овде, да бидам статист, она што ќе значи партиска директива седни - гласај, вака или онака ќе говориш. Не. Говорам она што го чувствувам како македонец, она што сите нас заеднички не погодува и тоа овде јавно го обелоденувам, не лицемерам како вие што лицемерите и леете крокодилски солзи за НАТО, заборавајќи притоа, дека сте стар соц-комунистички кадар кој, додека бевте на власт, говоревте колку е добар источниот блок, откако дојде трансформацијата во Европа, станавте најголеми љубители на западот. Мислам, човек многу лесно може да ве прочита затоа што сте лесно читлив, затоа што менувате ставови преку ноќ, сите лидери го потпишаа рамковниот договор, точно, ние сме тука, затоа што потпиша Љубчо Георгиевски, вие сте тука затоа што потпиша Бранко Црвенковски, каде е ПДП затоа што потпиша Имер Имери, каде е поточно каде се вашите експартнери и сегашни со кои се уште шурувате

Мислам, ако се говори, знам дека ќе ми реплицирате, ќе видам каков ќе ми биде интересот да ви реплицирам, колку тежите, или колку не тежите, во таков случај ќе ви одговорам.

На крај, мислам на крај на овој говор, бидете малку поотворени, бидете малку помакедонско расположени. Доколку не се чуваме едни со други, без рзалика на политичката опција, на крај сите ние сме македонци, многу лошо ни се пишува.

Да се надоврзам на она што во четвртокот го кажав или во претходната дискусија, репер или показател нека ни бидат и Албанците со нивното единство. Нека ни бидат и Грците и Србите и Бугарите и сето наше опкружување. Ве молам, дајте еднаш за секогаш да престанеме да си брцаме прсти во око и ВМРО ДПМНЕ во вашето око и СДСМ во окото на ВМРО ДПМНЕ. Вие господине Спасов, како искусен политичар треба да ја легнете топката, јас реков дека имате еден период од 20 и кусур години, ако не се лажам, една долга политичка кариера и сето тоа што го изнесовте овде мислам дека најмалку придонесува кон она што значи македонсмко национално единство кое ни е повеќе од неопходно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На ред е Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам потпретседателе.

Дами и господа пратеници, во сличниот стил на г-динот Флоровски г-дине Спасов и јас ќе почнам, можеби можев да очекувам по настапот на г-динот Флоровски, Да излезе некој од албанските пратеници и да го каже она што го кажавте вие, ама дека Генералниот секретар на СДСМ која е една од двете најголеми македонски партии ќе излезе и ќе го зборува тоа што го зборуваше навистина не очекував. Веднаш да Ви кажам дека ми е многу тешко кога треба на македонски по националност македонец пратеник да опструирам дека навистина ми е тешко, но морам да го направам затоа што како ретко кога се чувствувам навреден како македонец и повторно ќе ви кажам да излезе некој албанец и тоа да го зборуваше немаше толку да ме погоди, сега навистина ме погодивте.

Ке ве потсетам г-дине Спасов, тука два три месеци пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не се симнаа од оваа говорница да направат каков таков за мене голем успех за она кое на почетокот првиот говорник г-динот Бранко Црвенковски го кажа ни точка ни запирка да не се смени, а се смени цела Преамбула, значи се видоизмени од корен и успеавме до некаде навистинско место да ја поставиме МПЦ и да не го кажувам она што го кажа Филип, нејзиното значење за нас како македонци колку толку да ја рехабилитираме, да ја вратиме на подобро место.

Кога е веќе тоа направено, јас мислам дека и Вас, како и нас и ВМРО и СДСМ и ВМРО-Вистинска, Нова Демократија имаа идеја дека се задоволни донекаде со тој видео изменет изглед. Една од потписничките на тој Охтридски Раммковен договор партијата ПДП не го прифаќа тоа еден куп амандмани во тој Рамковен Договор за мене како Александар Пандов се неприфатливи сепка, и ВМРО ДПМНЕ и лидерот јавно излезе и кажа дека партијата ВМРО - ДПМНЕ ќе го поддржи сега тој рамковен договор вака изменет со преамбулата вака како што изгледа и амандманмот VII вака како што изгледа сега.

Притисокот кој е направен и во меѓународната заедница е и Робертсон и г-динот Солана дадоа изјави и кажаа дека сите партии треба да го поддржат сега Рамковниот договор и дека албанските партии. Немаат право на гласање за одредени амандмани (за), за одредени амандмани ("против"). Јас не гледам причина, јас ја гледам ПДП како партија сега дали бројат 10, 15, пратеници, воопшто не е битно, ВМРО-ДПМНЕ сеуште има силни спорови во самите себе околу некои одредени амандмани. Сепак, партијата остана, не кажа, е сега Преамбулата ќе ја гласаме, членовите тие и тие, амандманите тие и тие, Осумнаесетиот Амандман нема да го гласаме, туку рековме целиот Раммковен договор ќе го поддржиме.

Сега, во таква ситуација една партија си дозволува да си игра со нашето трпение те ќе гласа, те нема да гласа, те вака ќе правеле те онака ќе правеле. Нашата вчерашна понуда беше до Вас, како партија заедно да заземеме став да не отстапуваме, притисокот врз ПДП да го направиме како македонци, како ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Ако некому не му е јасно еве сега повторно ќе го кажам на крај на памет да не биде Шеќеринска како што ни објаснуваше тоа ќе било разбрано да се менува Преамбулата. Глупости. Да направиме притисок ПДП ни во едне момент да не помисли дека може да си игра со нас како македонци. ДПА поголеми патриоти испаднаа од вас, па истиот притисок го прават врз ПДП. Вие сте тие сега кои, или мене ме лаже моето чувство дека им давате простор на ПДП да се однесуваат вака како што се однесуваат, односно јавно да кажувате да давате изјави, тоа Никола Поповски, вашиот координатор, веројатно е официјален партиски став, кажа, па и да не гласа ПДП околу Преамбулата не е толку крај на светот.

Не. За мене е крај на свет. ДесетТ пати можеби излегов на говорницата, десет пати го насочив прстот кон нив, главен проблем кај мене, како македонец што се јавуваше беше тој. Кога го изгласавме Законот за високо образование рековме нема веќе политижки барања. Се е исполнето на албанците. Излезе дека не е така. Сто пати ги прашавме што друго не ви чини вам? Не, се ни чини. Испаѓа сега дека не е. Ако ние им оставиме простор, една запирка да тие се жалат ддка не се задоволни од таа, повторно ќе има доволен повод за повторни барикади, повторно Шар планина да ја освојуваат, да биде не знам кој, не

Алија Ахмети, тој ќе биде задоволен затоа што ќе најде простор во

Некој од политичките партии. Некој друг ќе се најде. Сега, Вие тоа нели го гледате? Ако тоа не е така, јас се плашам, затоа што повторно ќе гине полицијата, повторно ќе гинат наши војници. Зошто гледате лошо на сето тоа.

Значи, со тоа ќе ваврşам, со апелот што го упатувам до СДСМ да остане на овие цврсти позиции, да му дадеме пододршка и на г. Андов. Мислам дека оваа битка што ја води тој како претседател или како прв меѓу еднаквите е одлична и дека е добра и дека тој притисок врз ПДП треба да остане до крај. Сите тие, како попчиња треба да гласаат до еден, за сите амандмани, затоа што, како што мене ми е тешко да гласам за некои амандмани, така треба и тие да си ги гласаат. Се додека тоа не е така, ние треба таа седница да ја одлагаме. Затоа што уште полошо би направиле, повторно ќе кажам, ако го изгласаме овој Рамковен договор, а некоја политичка партија од нив не гласа или најголем дел од албанците не гласа. Повторно, после месец, два, три, можеби и три години ќе ни се случи ова што ни се случува сега. Во име на тоа да не ни се повтори, апелирам, ве замолувам да останеме сите заедно како македонци.

Благодарам.

(Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, ако продолжите вака ќе бидам принуден да ја прекинам седницата.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

(Бурни реакции во салата).

Јас се јавувам чисто процедурално. Ве молам, ако сакате да ме послушате, чисто процедурално. Ве молам.

(Дофрлања од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам контрола над седницата. Дојде Горѓи Спасов, направи скандал.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ќе ми дозволите да се обратам, чисто процедурално. Не сакам да изнесувам некои политички ставови.

Бидејќи овде стана збор дали денеска ќе има седница или ќе нема седница, според изјавата и изјаснувањето на г. Никола Поповски, тоа значи дека оваа седница требаше да биде претходната, со уставните амандмани, а не за законите од економската сфера.

Според мене, ако се прифати овој став на Никола Поповски, на пратеничката група на СДСМ, аналогно на тоа ПДП не присуствува, значи ис припаѓа на тој став и ДПА си отиде, мислам дека денес е илузорно да држиме било каква седница. Или претходната треба добро да се подготви и, без разлика дали ќе учествува ПДП, ДПА, ние треба конечно да завршиме со тие уставни промени. Во позитива или во негатива. Затоа, почитуван потпретседателе, ве молам уважете го ова барање на СДСМ, ПДП и ДПА и денес не е можно да одржиме седница. Тоа е мојот апел. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Сакам само да одговорам на некои нешта.

Меѓутоа, беше речено дека ВМРО-ДПМНЕ си ја презело обврската патриотската должност да не убедува нас од СДСМ да ги браниме македонските национални интереси и да не му попуштаме на ПДП во врска со неговите барања. Тоа е моделот што подолго време функционира во оваа држава кога во ВМРО-ДПМНЕ ќе измислат една целосна шпекулација. Па ќе ја објават во "Вечер" и ќе напишат дека Бранко Црвенковски ги поддржува ПДП во нивните барања. А потоа ќе организираат јавно повик да не убедуваат дека не треба да го прифатиме тоа од ПДП. И, кога ќе им соопштиме јавно дека никогаш СДСМ не отстапил од својот став дека за нас утврдените измени на уставните амандмани, на последниот договор што го имавме овде во Македонија, дека останува непроменлив, тие продолжуваат со вадење на политичка кампања и со модел на освестување на Социјал демократскиот сојуз. Потоа, кога ќе ја разберат вистината, тие се благодарни затоа што наводно, некој не си го променил мислењето кое што тие го имаат измислено.

Денеска се води една кампања дека Бранко е предавник затоа што соработува со ПДП. Се води некоја кампања дека Илија заговарал некаков закон за амнестија. Се води кампања дека Бучковски е предавник затоа што не ја поддржува полицијата. И, кога луѓето ќе почнат да веруваат на сопствените шпекулации, потоа се обидуваат од тие шпекулации да прават политика на која што ја засноваа сопствената патриотска визија за иднината на Македонија. Тоа така не врви.

Втората работа што сакам само да ја кажам, овде многу се шпекулира и цело време се наметнува тоа дека овој договор, за кој што ние треба да гласаме, дека е наметнат со сила, дека ни е наметнат од Запад, дека е тоа всушност рушење на Македонија, дека тоа не е никаков договор за мир, дека тоа е само претпоставка за растурање на Македонија.

Никој, вас, господо пратеници, не ве принудува да гласате за ништо Ако е така, вие тогаш ќе признаете, всушност дека прифаќате притисок. Повелете, не гласајте за Рамковниот договор. Не гласајте за амандманите. Ама, кажете која е алтернативата за Македонија? Што ќе правиме после тоа? Со оглед на тоа што вие ги имате согледано сите

опасности, предлагате и да завладее масовна војна во која што ќе исчистиме се што не се согласува со нашето политижко или етничко мислење? Тоа е едната работа.

(Реакции во салата).

И на крајот, по однос на она што го кажа г. Флоровски за менување на ставовите, постои една изрека што вели дека "сама магарето не го менува ставот". И, еволуцијата на општеството е заснована токму на способноста да се менуваат ставовите во согласност со она што се случува во општественото битие. Ако некој не е способен да ги направи тие спознаи и ако не е способен да, значи, што во одредена ситуација одговара на интересите на неговата татковина, тогаш навистина останува на рамништето на старите убедувања што не може поинаку да се нарече освен тежок догматизам или конзервативизам.

Благодарам.

(Реакции во салата со барања за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, молам има збор госпоѓата Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Не мислам да влегувам во никаква материјална расправа, оти очигледно ние излеговме од рамките на нашиот Деловник. Тоа е факт.

Меѓутоа, јас на почетокот се јавив, еве сега повторно, после дискусијата на господинот Спасов заради тоа што тој рече дека имаме бројни шпекулации, меѓутоа очигледни се шпекулациите и инсунициите што тој нам, како пратеник ни ги навестува.

Она што сакам да го потенцирам овде се само факти:

Прво, не е точно дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја опструира работата на ова Собрание во врска со усвојувањето на уставните амандмани. Прилог што говори кон тоа е дека, почнувајќи од минатиот понеделник, односно до денеска, пратеничката група, комплетна на број, не можам тоа да го кажам и за Социјал демократскиот сојуз, е овде.

Друга фактичка ситуација, четврток, петок, сабота ние имавме седници на кои што сите пратенички групи кои што сакаа да присуствуваат на ова Собрание, ги преседоа во ходникот, благодарејќи на тоа што постојано имавме соопштенија од пратеничката група на ПДП дека има наводни договори и координација. Се надевам дека ќе се согласите со ова господине Спасов, затоа што тоа се факти. Затоа што еден од четворицата партиципиенти на тој Рамковен договор не сака да учествува во работата на ова Собрание. Тоа е факт. А, ако не присуствува, тогаш јас јавно ве прашувам дали вие сте подготвени, како пратеничка група да го усвоиме Рамковниот договор без учжество во него на една од потписничките, пратеничката група на ПДП? Ако е така, ве молам да го соопштите јавно.

Меѓутоа за нас, ако сте подготвени соопштетего, затоа што вашиот став вчера не беше таков. Вие вчера не соопштивте дека, доколку пратеничката група на ПДП не гласа за Рамковниот договор, дека тој Рамковен договор е валиден. Тоа е основно.

Втора работа на која што постојано овде не инсуинирате е дека вие нас сте не убедиле дека тој Рамковен договор е најдобар за Македонија. Не навлегувам дали сте не убедиле или не, дури не навлегувам лижно за мене дали е најдобар или не, факт е дека, доколку пратеничката група *ие* партиципирала во работата на ова Собрание, ова Собрание не можеше да стигне до третата фаза, од проста причина што вие немате доволен број на пратеници. Што значи дека не е точно дека не сме биле конструктивни.

И, на крајната работа на која што сакам да укажам, а која е веќе "де жави", цело времени префрлате нашиот лидер, претседател на партијата господинот Љубчо Георгиевски се потпишал на договорот па дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не стои зад него и дека не го поддржува договорот. Тоа се не невистини, големи лаги. Од причина што, додека на мала врата во Република Македонија се внесува насилството, тоа се случуваше додека се потпишуваше тој Рамковен договор и додека се градеше. Факт е дека имаше многу застои, дека до него се дојде со многу големи потешкотии, факт е дека имаше од сите страни, вклучително и од ваша па и од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барање на застој, меѓутоа факт е една голема вистина - секогаш кога ќе се направеше застој, секогаш имавме одредено насилство, одредени масакрирања. Тогаш се случи Карпалак, тогаш се случи Вејци. И, секогаш, заради тоа што имаме насилства, морамд да го потпишеме договорот.

Е, па, господо пратеници, поточно вие од Социјал демократскиот сојуз на голема врата веќе уцената и насилството го внесувате во ова Собрание. Срамно е за мене да се поврзе тоа што вчера се случи со неимплементацијата односно со недонесувањето на уставните измени, заради тоа што никој не вели дека ние не сакаме нив да ги изгласаме. Ние сакаме. Меѓутоа, едно насилство не можеме да кажеме да го оправдуваме со тоа што кај нас се доцни со имплементацијата на Рамковниот договор. Со тоа им правите услуга само на оние кои го извршиле насилството. Заради тоа што овде, како Собрание треба да кажеме дека еве, заради тоа што ни се случува во Тетово, повторно мораме под присила на оружјето

набрзина и без еден партиципиент да усвоиме еден договор за Република Македонија.

Видете, со тоа нешто не правиме добро за Република Македонија, за државата Република Македонија. Заради тоа што никој нам овде не ни гарантира, ако вие сте гарант, повелете, кажете го тоа, дека, доколку денеска, па дури и без ПДП, за кое што исто така сакам да се изјасните јавно, ги усвоиме уставните амандмани, дека утре ќе немаме насилство на теренот? Можеби тоа ќе се служи во помала мера, меѓутоа очигледно дека Република Македонија долго време ќе треба да се справува со тероризмот.

Затоа, не треба да го оправдувате насилството со работата на ова Собрание, затоа што три дена по ред пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ чека да дојде ПДП во ова Собрание. А, ако ним им давате јасни сигнали дека можеме и без нив да го усвоиме договорот, тогаш тие се морални победници, меѓутоа, тогаш за тоа ќе морате да си ја преземете одговорноста вие, како пратеничка група, меѓутоа и како политичари во оваа држава.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници од сите политички партии, мислам дека Собрание на Македонија полека, но сигурно влегува во, извинете на зборот што ќе го употребам, шемата што никој не ја сака.

Мене ми е јасно дека вчерашната иницијална констелација што сите не плаши дека може да иницира повторна војна во Република Македонија ги прави сите пратеници нервозни и не е случајно сите кои дискутираат, со повишен глас и адреналин дискутираат.

Јас ве молам да се обидеме сите ние, наместо да се обвинуваме за тоа кој кого предава и кој ли е поголем, подобар генетски материјал од соседниот пратеник, да се сконцентрираме на работата. Би ве замолил да го имаме предвид следново, тука не правам разлика, сите пратеници, претпоставувам и овие од ВМРО-ДПМНЕ кои, еве, навистина жестоко дискутираат реторички, имаме страв дека Македонија од ноќеска се наоѓа во ситуација што е многу неизвесна. И дека, ако тоа тркало уште малку продолжи, враќањето ќе чини повторно многу и во време, и во животи и во материјални разорувања. И, дека, дека сега е време Парламентот својот дел од работата да си го заврши. Поголем дел од работата лежи во Владата и во уште некои органи врзани со Владата на Република Македонија.

Нашиот дел од работата е со ништо да не предизвикуваме понатамошна дисторзија во кревко и тешко стекнатиот мир. Ако е тоа така, јас ќе ве замолам вас, господин9 потпретседателе, со оглед дека ја водите седницата иако мислам дека имаме согласување со голем дел од пратениците што до сега ги слушав, да се обидеме да направиме малку, барем малку да не влијаеме работата, освен ако не сакаме да се одвива во тој правец.

Еве сега, од надвор, неколку луѓе ни јавуваат и официјално дека ПДП, под притисок на Меѓународната заедница конечно го потпишала тоа. Ако е така, а ни јавуваат дека е така, гледам и ваши пратеници од ВМРО-ДПМНЕ истите информации, до мене, ги добиле, тогаш мислам дека најдоброто што може ова Собрание да го направи, ако веќе согласноста е постигната, да направиме една пауза од 15 минути, ако ПДП навистина тоа го направило, да се вратиме на 86-та седница. Колку што слушам, никој нема против, ако ПДП тоа го прифати да работиме на тоа. Зошто ниту законот за извршување на буџет, ниту законот за задолжување, за кредити, за културата нема да бидат толку значајни колку тоа да почнеме тркалото да го движиме во правец.

Ако се согласувате со мене, јас би ве замолил вие како претседавач на оваа седница да проверите дали ПДП навистина се согласил да влезе во салата и да гласа по уставните амандмани како што се предложени. Тоа ништо не не чини и јас ве волам да дадете 15 минути пауза тоа да го провериме. Ако се условите стекнати, навистина да се вратиме таму каде што на овој Парламент навистина му е местото.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, јас соопштив зошто претседателот на Собранието, на кого беше упатено се дека го прекршил Деловникот или ги пречекорил овластувањата, што беше мотив да вака биде?

Во Собранието, инаку беше закажана седница, да не биде што се вели одење во празно, да се пополни со овие точки што се од економско значење за државата. Гледам и министерот некако ми се лути што не одиме натаму. Тоа го направивме. Значи, ако некој сака да прави арно, веднаш ќе се најде солуција за лошо. Се право, на крајот криво.

Затоа прифаќам одлагање за еден час.

Ве молам, господине министре, по еден час ќе одлучи претседателот дали ќе продолжиме.

(Седницата прекина со работа во 14,10 часот, по што претседателот на Собранието одлучи седницата да не продолжи денес).